ГРАД СКОПЈЕ

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Град Скопје**

**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за финансиски прашања**

**ПРЕТСТАВНИК:** **Секретар на Град Скопје**

**ПОВЕРЕНИК:** **Помошник раководител на Сектор за финансиски прашања**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ГРАД СКОПЈЕ за 2024 година

Скопје, февруари 2025

Содржина:

1. Вовед ....................................................................................................................стр.2
2. Годишна сметка ........................................................................................ ....стр.3
3. Извештај за реализација на капиталните инвестиции во Град Скопје ......................стр.8
4. Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на
   средствата и нивната вредност ...........................................................................стр.9
5. Извештај за трошење на резервите ...................................................................... стр.11
6. Извештај од одговорниот сметководител ................................................................ стр.12

# 1. ВОВЕД

Согласно член 4 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” број 5/02 и “Службен весник на Република Северна Македонија” број 202/24), Град Скопје е посебна единица на локалната самоуправа, во која се остваруваат заедничките потреби и интереси на граѓаните што произлегуваат од карактерот на Градот Скопје, како главен град на државата. Подрачјето на Градот Скопје го сочинуваат подрачјата на општините: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир и Шуто Оризари и во границите утврдени со Законот за Град Скопје (“Службен весник на Република Македонија” број 55/04, 158/11).

Граѓаните на Градот Скопје непосредно преку своите избрани претставници учествуваат во одлучувањето за прашања значајни за градот во повеќе области: планирање и уредување на просторот, заштита на животната средина и природата, локален економски развој, комунални дејности, култура, спорт, образование, социјална и детска заштита.

Согласно законот, Градот Скопје се финансира од сопствени извори на приходи (локални даноци, локални такси, локални надоместоци, приходи од сопственост - закупнини и приходи од продажба на сопственост, административни такси, неданочни приходи и други приходи утврдени со закон), приходи од донации, трансфери од други нивоа на власт, блок дотации од Министерство за образование и наука и Министерство за култура и наменски дотации од Министерство за одбрана.

## 1.1 Организација

Согласно Одлуката за внатрешната организација на Град Скопје, бр.27-9598/1 од 09.12.2020 година а врз основа на надлежностите на Градот Скопје утврдени со закон, градската администрација е организирана во 20 сектори и 69 одделенија. Бројот на вработени на 31.12.2024 година е:

| Организација на администрација на Град Скопје | 2024 година |
|---|---|
| Градоначалник | 1 |
| Вработени во градска администрација | 458 |
| - државни службеници | 402 |
| - технички персонал - по ЗРО | 56 |
| - вработени преку агенција за привремено вработувања | 0 |
| Вработени во БППЗ | 172 |
| **ВКУПНО:** | **631** |

## 2. ГОДИШНА СМЕТКА

### 2.1 Планирани и остварени приходи во Буџетот на Град Скопје за 2024 година по сметки

Во Буџетот на Град Скопје за 2024 година, за сите сметки од кои е составен, остварените приходи и други приливи се во износ од **6.262.538.731,00 денари,** со процентуално остварување од **76,8%.**

Во продолжение во Табела 1 е прикажано остварувањето на приходите по поединечни буџети, додека во табела 2 се прикажани остварените приходи во вкупниот буџет на Град Скопје по категории на приходи.

*Табела 1: Остварени приходи по поединечни буџети во Вкупниот буџет на Град Скопје за 2024 год.*

| ВКУПЕН БУЏЕТ (Приходи) | Остварени приходи 31.12.2023 | ПЛАН 2024 | Остварени приходи 31.12.2024 | % на оствар. | % на учество | 2024/ 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен буџет | 3.325.885.333 | 4.416.000.000 | 3.801.743.495 | 86,1 | 60,7 | 114,3 |
| Буџет на дотации | 2.072.481.742 | 2.428.296.000 | 2.265.360.464 | 93,3 | 36,2 | 109,3 |
| Буџет на самофинансирачки активности | 160.967.714 | 434.887.000 | 137.022.054 | 31,5 | 2,2 | 85,1 |
| Буџет на донации | 35.577.568 | 204.872.000 | 56.094.787 | 27,4 | 0,9 | 157,7 |
| Буџет на кредити | 0 | 666.500.000 | 0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| **Вкупно** | **5.594.912.357** | **8.150.555.000** | **6.260.220.800** | **76,8** | **100,0** | **111,9** |
| *Вкупно потрошен вишок на приходи предходна година* | 89.690.030 | 0 | 2.317.931 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| **Вкупно** | **5.684.602.387** | **8.150.555.000** | **6.262.538.731** | **76,8** | **100,0** | **110,2** |

*Табела 2: Остварени приходи по поединечни буџети во Вкупниот буџет на Град Скопје за 2024 год. по категории*

| ВКУПЕН БУЏЕТ (Приходи) | ПЛАН 2024 | Остварени приходи 31.12.2024 | % на оствар. | % на учество |
|---|---|---|---|---|
| Даночни приходи | 3.122.600.000 | 3.344.060.789 | 107,1 | 53,4 |
| Неданочни приходи | 725.387.000 | 266.025.878 | 36,7 | 4,2 |
| Трансфери и донации | 3.454.018.000 | 2.465.624.238 | 71,4 | 39,4 |
| Домашно задолжување | 666.500.000 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| Капитални приходи | 182.050.000 | 184.509.895 | 101,4 | 2,9 |
| **Вкупно** | **8.150.555.000** | **6.260.220.800** | **76,8** | **100,0** |
| *Вкупно потрошен вишок на приходи предходна година* | 0 | 2.317.931 | **0,0** | 0,0 |
| **Вкупно** | **8.150.555.000** | **6.262.538.731** | **76,8** | **100,0** |

Најголемо учество во вкупно остварените приходи имаат даночни приходи (53,4%), потоа приходи од трансфери и донации (39,4%), неданочните приходи (4,2%) и капиталните приходи (2,9%).

Состојбата на остварените приходи по поединечните буџети за извештајната 2024 година е како што следи:

Во **<u>Основниот буџет</u>** на Град Скопје приходите се остварени во износ од **3.801.743.495,00 денари**. Процентуалното остварување е **<u>86%</u>** во однос на планираното. Најголемо учество во вкупно остварените приходи имаат даноците на специфични услуги (58,8%) во кој преовладуваат приходи од надоместокот за уредување на градежно земјиште, потоа приходите од даноци на имот (26,1%), трансфери од  други нивоа на власт (3,8%), додека пак учеството на капиталните приходи е (4,8%).

Во **<u>буџетот на дотации</u>** приходите се остваруваат согласно утврдената динамика за префрлање на предвидените средства од страна на ресорните министерства (Министерство за образование и наука, Министерство за култура и Министерство за одбрана). Овие приходи во 2024 година се остварени во вкупен износ од **2,26 милијарди денари** и се однесуваат за финансирање на следните надлежности:

| | |
|---|---|
| - во областа на културата | 208.410.607,00 денари |
| - во областа на средното образование | 1.894.709.470,00 денари |
| - во областа на противпожарната заштита | 161.824.782,00 денари |

Приходите во **<u>буџетот на самофинансирачки активности</u>** се приходи кои ги остваруваат буџетските корисници на Град Скопје (институции од областа на културата и средни училишта под надлежност на Град Скопје). Остварените приходи во овој буџет се **139 милиони денари** (вклучително и делот на потрошен вишок на приходи од претходни години во износ од 2.317.931,00 денари), а нивното процентуалното остварување изнесува 32 % во однос на планот.

Во **<u>буџетот на донации</u>** остварените приходи се во износ од **56 милиони денари** и има 27,4% остварување од планот. Овие приходи се остварени по основ на договори за  донации  кои Град Скопје ги има склучено за реализација на проекти финансирани од странски донатори и договори за донаторско или грантовско финансирање на буџетските единки корисници на Град Скопје.

Во **<u>буџетот на кредити</u>** нема реализирани приходи по основ на задолжување во земјата и странство.

## 2.2. Планирани и извршени расходи во Буџетот на Град Скопје за 2024 година по видови и сметки

Извршените расходи и други одливи во вкупниот буџет на Град Скопје за 2024 година се во износ од **6.161.089.804,00 денари,** со процентуално остварување од **75,6%.**

Во табелата 3 подолу е прикажано извршувањето на расходите по поединечните буџети.

*Табела 3: Извршени расходи по поединечни буџети во Вкупниот буџет на Град Скопје за 2024 год.*

| ВКУПЕН БУЏЕТ (Расходи) | Остварени расходи 31.12.2023 | ПЛАН 2024 | Извршени расходи 31.12.2024 | % на оствар. | % на учество | 2024/ 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен буџет | 3.405.018.851 | 4.416.000.000 | 3.720.123.396 | 84,2 | 60,4 | 109,3 |
| Буџет на дотации | 2.070.076.024 | 2.428.296.000 | 2.265.122.190 | 93,3 | 36,8 | 109,4 |
| Буџет на самофинансирачки активности | 171.524.226 | 434.887.000 | 139.339.985 | 32,0 | 2,3 | 81,2 |
| Буџет на донации | 34.209.741 | 204.872.000 | 36.504.233 | 17,8 | 0,6 | 106,7 |
| Буџет на кредити | 0 | 666.500.000 | 0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| **Вкупно** | **5.680.828.842** | **8.150.555.000** | **6.161.089.804** | **75,6** | **100,0** | **108,5** |

Извршувањето на вкупните расходи со кои се финансираат законски утврдените надлежности на градот, е како што е прикажано во табелата подолу:

*Табела 4: Извршени расходи во Вкупниот буџет на Град Скопје за 2024 год. по програми*

| | Назив на програма | Основен буџет 2024 година | Буџет на дотации 2024 година | Буџет на самофин. активност 2024 година | Буџет на донации 2024 година | Буџет на заеми 2024 година | ВКУПНИ ИЗВРШЕНИ РАСХОДИ | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *1* | *2* | *3* | *4* | *5* | *6* | *7 (2+3+4+5+6)* | *8* |
| **A** | **Совет на Град Скопје** | 23.230.492 | 0 | 0 | 0 | 0 | **23.230.492** | **0,4** |
| **D** | **Градоначалник на Град Скопје** | 2.568.615 | 0 | 0 | 0 | 0 | **2.568.615** | **0,0** |
| **E** | **Градска администрација** | 825.042.626 | 0 | 0 | 5.352.672 | 0 | **830.395.298** | **13,5** |
| **F** | **Урб. планирање и уред.на просторот** | 57.741.247 | 0 | 0 | 0 | 0 | **57.741.247** | **0,9** |
| **G** | **Локален економски развој** | 19.149.806 | 0 | 0 | 0 | 0 | **19.149.806** | **0,3** |
| **J** | **Комунални дејности** | 2.480.584.098 | 0 | 0 | 0 | 0 | **2.480.584.098** | **40,3** |
| **K** | **Култура** | 63.048.382 | 208.510.607 | 59.774.323 | 2.872.184 | 0 | **334.205.496** | **5,4** |
| **L** | **Спорт и рекреација** | 16.123.051 | 0 | 0 | 0 | 0 | **16.123.051** | **0,3** |
| **N** | **Образование** | 116.150.422 | 1.894.786.801 | 79.565.662 | 28.279.377 | 0 | **2.118.782.262** | **34,4** |
| **R** | **Заштита на животната средина** | 10.217.350 | 0 | 0 | 0 | 0 | **10.217.350** | **0,2** |
| **T** | **Унапредување на здр. заштита** | 399.725 | 0 | 0 | 0 | 0 | **399.725** | **0,0** |
| **V** | **Социјална заштита** | 61.100.150 | 0 | 0 | 0 | 0 | **61.100.150** | **1,0** |
| **W** | **Противпожарна заштита** | 44.767.432 | 161.824.782 | 0 | 0 | 0 | **206.592.214** | **3,4** |
| | **Вкупно** | **3.720.123.396** | **2.265.122.190** | **139.339.985** | **36.504.233** | **0** | **6.161.089.804** | **100,0** |

Најголем дел од расходите се извршени во програмите **J – Комунални дејности (40,3%)** и **N – Образование (34,4%)**. Во програмата J – Комунални дејности се реализираат големите капитални расходи за изградби и реконструкции на улици и комунална инфраструктура, како и расходи направени за тековно одржување. Во програмата N – Образование се финансира активноста и работењето на 23 средни училишта под надлежност на Град Скопје.

Во продолжение е прикажано извршувањето на расходи по поединечните буџети за извештајната 2024 година:

Расходите во **основниот буџет** се извршени во износ од **3,7 милијарди денари**, што претставува извршување од **84,2%** во однос на планираното. Во структурата на вкупно извршените расходи позначително учество бележат капиталните расходи (31,4%) потоа расходи за субвенции и трансфери (27,5%), и расходите за стоки и услуги (24,6%).

Извршувањето на овие расходи е прикажано во табела 5.

*Табела 5: Извршени расходи во Основен буџет на Град Скопје за 2024 год.*

| | ОСНОВЕН БУЏЕТ | ПЛАН 2024 | Остварени расходи 31.12.2024 | % на оствар. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **4.416.000.000** | **3.720.123.396** | **84,2** | **100,0** |
| 40 | Плати и наменини и надоместоци | 533.225.000 | 423.054.443 | 79,3 | 11,4 |
| 41 | Резервни и недефинирани расходи | 8.400.000 | 391.112 | 4,7 | 0,0 |
| 42 | Стоки и услуги | 1.007.515.000 | 915.432.792 | 90,9 | 24,6 |
| 45 | Каматни плаќања | 20.500.000 | 19.855.076 | 96,9 | 0,5 |
| 46 | Субвенции и трансфери | 1.107.448.000 | 1.022.497.892 | 92,3 | 27,5 |
| 48 | Капитални расходи | 1.558.912.000 | 1.167.693.735 | 74,9 | 31,4 |
| 49 | Отплата на главнина | 180.000.000 | 171.198.346 | 95,1 | 4,6 |

Во **буџетот на дотации** расходите се реализирани во износ од **2,26 милијарди денари** и се извршени во рамки на остварените приходи од дотации, од кои 75,4% се извршени за плати и надоместоци за вработените во БППЗ, средните училишта и културните институции под надлежност на Град Скопје, а 22,9% се извршени за набавка на стоки и услуги. Истите се прикажани во табела 6.

*Табела 6: Извршени расходи во Буџет на дотации на Град Скопје за 2024 год.*

| | БУЏЕТ НА ДОТАЦИИ | ПЛАН 2024 | Остварени расходи 31.12.2024 | % на оствар. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **2.428.296.000** | **2.265.122.190** | **93,3** | **100,0** |
| 40 | Плати и наменини и надоместоци | 1.785.916.000 | 1.707.528.812 | 95,6 | 75,4 |
| 41 | Резервни и недефинирани расходи | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 42 | Стоки и услуги | 592.829.000 | 518.038.945 | 87,4 | 22,9 |
| 45 | Каматни плаќања | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 46 | Субвенции и трансфери | 16.923.000 | 12.563.096 | 74,2 | 0,6 |
| 48 | Капитални расходи | 32.628.000 | 26.991.337 | 82,7 | 1,2 |
| 49 | Отплата на главнина | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |

Извршените расходи во **буџетот на самофинансирачки активности** во износ од **139 милиони денари** и се прикажани во табелата подолу по групи на расходи.

Расходите од самофинасирачките активности всушност се расходи на средните училишта и културните институции под надлежност на Град Скопје и се извршуваат со цел подобрување на условите за работење на овие институции (набавка на материјали и помагала, набавка на мебел, купување на опрема и машини, и др.).

*Табела 7: Извршени расходи во Буџет на самофинансирачки активности на Град Скопје за 2024 год.*

| | БУЏЕТ НА САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ | ПЛАН 2024 | Остварени расходи 31.12.2024 | % на оствар. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **434.887.000** | **139.339.985** | **32,0** | **100,0** |
| 40 | Плати и наменини и надоместоци | 44.877.000 | 36.805.243 | 0,0 | 26,4 |
| 41 | Резервни и недефинирани расходи | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 42 | Стоки и услуги | 327.825.000 | 96.974.057 | 29,6 | 69,6 |
| 45 | Каматни плаќања | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 46 | Субвенции и трансфери | 15.630.000 | 3.342.637 | 21,4 | 2,4 |
| 48 | Капитални расходи | 46.555.000 | 2.218.048 | 4,8 | 1,6 |
| 49 | Отплата на главнина | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |

Во **буџетот на донации** се реализирани расходи во износ од **36,5 милиони денари**. Во рамките на овој буџет средствата се користат за реализација на донаторски проекти на Градот Скопје, и проекти на институциите под надлежност на Град Скопје со намена унапредување на квалитетот на образованието и културата. Извршувањето на овие расходи по група на расходи е прикажано во табела 8.

*Табела 8: Извршени расходи во Буџет на донации на Град Скопје за 2024 год.*

| | БУЏЕТ НА ДОНАЦИИ | ПЛАН 2024 | Остварени расходи 31.12.2024 | % на оствар. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **204.782.000** | **36.504.233** | **17,8** | **100,0** |
| 40 | Плати и наменини и надоместоци | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 41 | Резервни и недефинирани расходи | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 42 | Стоки и услуги | 144.700.000 | 30.841.484 | 21,3 | 84,5 |
| 45 | Каматни плаќања | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 46 | Субвенции и трансфери | 17.090.000 | 4.600.098 | 26,9 | 12,6 |
| 48 | Капитални расходи | 42.992.000 | 1.062.651 | 2,5 | 2,9 |
| 49 | Отплата на главнина | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |

Извршените расходи во **буџетот на кредити** се 0, и покрај планираните 666.500.000,00 милиони денари  по основ на задолжување  во земјата и странство.

## 2.3. Салдо на сметки на Град Скопје

Салдото на сметките на Град Скопје со состојба 31.12.2024 година е како што следи:

*Табела 9: Салдото на сметките на Град Скопје со состојба 31.12.2024 год.*

| ред. број | Број на сметка | Опис на сметка | Салдо на сметка 31.12.2024 |
|---|---|---|---|
| 1 | 785014123863012 | ГРАД СКОПЈЕ- БУЏЕТ | 127.315.484,00 |
| 2 | 785014123863718 | ГРАД СКОПЈЕ- ОРГАН НА ОПШТИНА | 0 |
| 3 | 785014123869613 | ГРАД СКОПЈЕ-ДЕПОЗИТНА СМЕТКА ЗА ЛОКАЦИИ ЗА РЕКЛАМНИ ПАНОА НА ПОДРАЧЈЕ НА ГРАД СКОПЈЕ | 5.416.850 |
| 4 | 7850141238789E7 | ГРАД СКОПЈЕ-ПРОЕКТМОСТ ЉУБЉАНСКА ВО ГРАД СКОПЈЕ МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ | 0 |
| 5 | 7850141238785Z1 | Град Скопје- Про. "Повторна употреба и управување со градежен отпад и шут од рушење" | 26.056.277,00 |
| 6 | 7850141238785Z2 | Град Скопје- Проект биотехнолошка ланораторија на СУГС | 2.785.210,00 |
| 7 | 7850141238785Z6 | Град Скопје- Про. "Њеллбасад – подобрување на здравјето, благосостојбата и еднаквоста преку утврдени ... | 953.875,00 |
| 8 | 7850141238785Z8 | ГРАД СКОПЈЕ КОММАНД Д | 0 |
| 9 | 785014123878970 | ГРАД СКОПЈЕ РЕКОНСТРУКЦИЈА СО ДОГРАДБА И НАДГРАДБА НА ЈУ УНИВЕРЗАЛНА САЛА | 0 |
| 10 | 785014123878913 | ГРАД СКОПЈЕ- ЈП ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА | 8.325.799,00 |
| 11 | 7850141238785U5 | ГРАД СКОПЈЕ-ДОНАТОРСКА С-КА-МАТЦХУП | 2.648.097,00 |
| 12 | 785014123878947 | ГРАД СКОПЈЕ-ОИК | 0 |
| 13 | 785014123878951 | ГРАД СКОПЈЕ-НАМЕНСКА СМЕТКА АВРМ,УНДП | 0 |
| 14 | 7850141238785T0 | ГРАД СКОПЈЕ-ДОНАТОРСКА СМЕТКА ЦРЕАРТ | 6.545.682,00 |
| 15 | 785014123878985 | ГРАД СКОПЈЕ НАМАЛУВАЊЕ НА АЕРОЗАГАДУВАЊЕТО НАБАВКА НА ИНВЕРТЕР КЛИМА УРЕДИ | 0 |
| 16 | 785014123878932 | ГРАД СКОПЈЕ-МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА | 35.638.433,00 |
| 17 | 7850141238789A9 | ГРАД СКОПЈЕ ИЗГРАДБА НА КЛУЧКА НА ВКРСТУВАЊЕ ПОМЕЃУ БУЛ СЛОВЕНИЈА И БУЛ НИКОЛА КАРЕВ | 120.000.000,00 |
| 18 | 7850141238789B3 | ГРАД СКОПЈЕ РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ КЛУЧКА МОМИН ПОТОК | 0 |
| 19 | 7850141238789C8 | ГРАД СКОПЈЕ ПРО ЗА ЦЕЛОСНА ИЗГРАДБА НА ЈУЖЕН КОРИДОР, КАКО БУЛЕВАРСКО РЕШЕНИЕ СО КРУЖНИ ТЕКОВИ И ИЗГ | 240.000.000,00 |
| 20 | 785014123893014 | ОПШТИНА ГРАД СКОПЈЕ-СМЕТКА ЗА НАМЕНСКА ДОТАЦИЈА | 72.080.047,00 |
| 21 | 785014123893710 | ОПШТИНА ГРАД СКОПЈЕ-СМЕТКА ЗА НАМЕНСКА ДОТАЦИЈА | 0 |
| 22 | 7850141238789D2 | ГРАД СКОПЈЕ ИЗГРАДБА НА БУЛЕВАР ХАСАН ПРИШТИНА | 360.000.000,00 |
| 23 | 785014123878512 | Град Скопје- Терраин ИПА, партнерство и вклученост во транзицијата кон транспорт со нула емисија | 0 |
| | | **ВКУПНО** | **1.007.765.754** |

# 3. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО ГРАД СКОПЈЕ

Поголемите капитални вложувања на Град Скопје во 2024 година направени од Основниот буџет се наменети за реализиција на следните проекти:

*Табела 10: Поголеми капитални вложувања од Основен буџет на  Град Скопје со состојба 31.12.2024 год.*

| Р.бр. | Назив на проект - активност | Вкупно платено 31.12.2024 |
|---|---|---|
| 1 | Изработка на проектни документации за сообраќајници и јавни површини, и ревизија на проекти, контролни испитувања и  консултантски услуги | 19.323.495 |
| 2 | Изградба на **Забавен парк - партерно уредување** | 6.546.986 |
| 3 | Реализација на **паметно осветлување и платформа за дигитален град** | 126.953.413 |
| 4 | **Меѓуопштинска соработка** - Изградба,реконструкција и одржување на сообраќајници | 26.331.530 |
| 5 | **Меѓуопштинска соработка - Подобрување на системот за водоснабдување** во селата Рашче, Копаница, Бојане, Буковиќ и Ласкарци во Општина Сарај | 84.361.531 |
| 6 | Изградба и реконструкција на **бул. АСНОМ** (фазна реализација) | 16.595.204 |

| | | |
|---|---|---|
| 7 | Реконструкција, одржување на **мостови** (конструкција, коловоз, тротоари, огради, дилатациони фуги и осветлување) | 582.079 |
| 8 | Изградба на **бул.Љубљанска** (фазна реализација) | 15.433.412 |
| 9 | Изградба, реконструкција и одржување на **ул. Борис Трајковски** од крстосница во нас. Пинтија до кружен тек пред мост на Маркова река, Фаза 2. | 57.229.506 |
| 10 | *Изградба на раскрсница **ул. Скупи** и **бул. 8 – ми Септември,** раскрсница бул. 8 – ми Септември и бул. Никола Карев, бул. Никола Карев и ул. Словенечка | 240.861.783 |
| 11 | Изградба на **ул.Васко Карангелевски** (од 3 та Македонска бригада до Владимир Комаров) | 10.578.053 |
| 12 | Реконструкција на **ул Димо Хаџи Димов** | 5.109.853 |
| 13 | Реконструкција на **ул.Рузвелтова** - фазна реализација | 9.438.262 |
| 14 | Изградба, реконструкција и покривање на **Усјански канал** | 22.648.953 |
| 15 | Набавка на урбана опрема и изработка и монтажа на **хидраулични столбчиња** | 3.642.457 |
| 16 | Капитални расходи од областа на спортот - Изведба на патеки, велопатеки, јавни површини со тартан,штампан бетон и др.Уредување на коридорот долж река Серава. Тартан и велосипедски патеки, фитнес зони, детски катчиња и катчиња за пензионери.изведба. Изработка и поставување на отворени зони на кејот на реката Вардар со справи и реквизити OPEN GYM, вежбални на отворено | 8.880.242 |
| 17 | Реконструкција и подигнување н**а јавно зеленило** на магистрални улици и паркови | 190.370.290 |
| 18 | Набавка на **садници** | 12.920.056 |
| 19 | Уредување на просторот на паркот на природата Гази Баба, парк шума Водно и посебен план за заштита и унапредување на парк шума Водно | 1.470.000 |
| 20 | Набавка на биокомпостари - автоматизирани и дигитализирани машини за претварање на биоотпадот во органско ѓубриво (компост) | 5.156.600 |
| 21 | Купување на ИТ опрема (серверска, мрежна, компјутерска, печатарска и опрема за сервер сала и друга ИТ опрема) Купување на опрема за греење и климатизација и друга опрема | 6.603.786 |
| 22 | Адаптивно одржување на ИСУФ, ДМС, ГИС, Лотус, дигитална архива, лиценци, сателитска снимка, систем за судски спорови, дигитални сертфикати) | 16.401.954 |
| | **ВКУПНО** | **887.439.445** |

## 4. ИЗВЕШТАЈ ЗА СРЕДСТВАТА, ПОБАРУВАЊАТА, ОБВРСКИТЕ И ИЗВОРИТЕ НА СРЕДСТВАТА И НИВНАТА ВРЕДНОСТ

### Средства

Средствата со состојба на ден 31.12.2024 година се како што следи:

*Табела 11: Средства на Град Скопје со состојба 31.12.2024 год.*

| Ред. бр. | Назив | Набавна вредност | Исправка на вредноста | Сегашна вредност |
|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 (1-2) |
| **1** | **Нематеријални средства** | **174.944.363** | **121.282.098** | **53.662.265** |
| **2** | **Материјални добра и природни богатства (земјиште)** | **4.562.644.004** | **0** | **4.562.644.004** |
| **3** | **Материјални средства (3=4+5+6+7+8+9+10+11+12)** | **12.170.301.960** | **1.782.938.196** | **10.387.363.764** |
| С | Градежни објекти | 117.180.811 | 105.331.447 | **11.849.364** |
| 5 | Катна гаража Македонска фаланга | 790.901.237 | 82.385.545 | **708.515.692** |
| 6 | Катна гаража Тодор Александров | 924.097.945 | 81.653.899 | **842.444.046** |
| 7 | Станбен и деловен простор | 161.634.585 | 20.791.242 | **140.843.343** |
| 8 | Културни институции на Град Скопје | 1.981.894.733 | 285.853.158 | **1.696.041.575** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 9 | Недвижен имот во сопственост на Град Скопје | 7.118.819.542 | 382.730.969 | **6.736.088.573** |
| 10 | Опрема – Град Скопје и БППЗ | 827.769.824 | 576.188.653 | **251.581.171** |
| 11 | Опрема - ЦУКС | 248.003.283 | 248.003.283 | **0** |
| **13** | **Материјални средства во подготовка** | **171.475.245** | **0** | **171.475.245** |
| 14 | Изградба на забавен парк | 171.475.245 | 0 | **171.475.245** |

## Обврски

Обврските со состојба на ден 31.12.2024 година се како што следи:

*Табела 12: Обврски на Град Скопје со состојба 31.12.2024 год.*

| Реден број | Обврски | Износ |
|---|---|---|
| 1 | Доспеани обврски | 378.052.269 |
| 2 | Недоспеани обврски | 152.524.485 |
| | **Вкупни обврски (1+2)** | **530.576.754** |

*Табела 13: Обврски по основ на долгорочни кредити на Град Скопје со состојба 31.12.2024 год.*

| Реден број | Кредитор | Назив на кредит и намена | Состојба на долг |
|---|---|---|---|
| 1 | MSIP 2 Светска банка | Проект: Изградба на водоводна мрежа во општина Шуто Оризари | 31.476.641 |
| 2 | MSIP 2 Светска банка | Проект: Изградба на бул.Борис Трајковски | 60.835.147 |
| 3 | Комерцијална банка | Проект: Изградба и реконструкција на улици | 429.973.972 |
| | | **Вкупно** | **522.285.764** |

## Побарувања

Побарувањата со состојба на ден 31.12.2024 година се како што следи:

*Табела 14: Побарувања на Град Скопје со состојба 31.12.2024 год.*

| Ред. бр. | Назив | ИЗНОС | % на учество во вкупните побарувања |
|---|---|---|---|
| 1 | **Побарувања за надоместок за уредување на градежно земјиште** | 45.715.577 | 2,1 |
| 2 | **Други побарувања** | 713.404.848 | 32,3 |
| 3 | **Побарување по основ на данок на имот** | 233.214.559 | 10,5 |
| 4 | **Побарувања по основ комунална такса за фирма, назив на деловна просторија** | 46.598.063 | 2,1 |
| 5 | **Данок на промет на недвижности** | 8.431.746 | 0,4 |
| 6 | **Данок на наследство и подарок** | 5.632.788 | 0,3 |
| | **Вкупни побарувања (1+2+3+4+5+6)** | **1.052.997.581** | **47,6** |
| 7 | **Тужени побарувања** | 1.158.035.933 | 52,4 |
| | **Вкупни побарувања (7+8)** | **2.211.033.514** | **100,0** |

Согласно Законот за даноци на имот и Законот за комунални такси, Градот Скопје може да превзема мерки за присилна наплата на доспеани побарувања по основ на даноци на имот и комунална такса-фирмарина.

**Долгорочни финансиски вложувања**

Долгорочните финансиски вложувања ги опфаќа хартии од вредност – акции според номинален износ од 46.913.688,00 денари со состојба на 31 декември 2024 година.

*Табела 15: Долгорочни финансиски вложувања на Град Скопје со состојба 31.12.2024 год.*

| ОПИС | Број на акции | Извод од ЦДХВ | | | Среден курс на НБРСМ на 31.12.2024 | Вкупно денари |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | *Валута* | *Номинална вредност* | *Вкупно* | | |
| **МЗТ Вабтек** | 490 | ЕУР | 51.13 | 25,053.70 | 61.495 | 1,540,677 |
| **ГЕС СКОПЈЕ** | 7378 | ЕУР | 100 | 737,800.00 | 61.495 | 45,371,011 |
| **Уни банка** | 2 | ДЕН | 1 | 2,000.00 | / | 2 |
| | | | | **Вкупно** | | **46,913,688** |

## 5. ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРОШЕЊЕ НА РЕЗЕРВИТЕ

Согласно одредбите од Одлуката за извршување на Буџетот на Град Скопје за 2024 година бр.27-13166/1 од 27.12.2023 година, средствата утврдени за постојана (непредвидливи расходи) и тековна резерва се користат со Одлука на Советот на Град Скопје. По исклучок за користење на средствата од тековната резерва одлучува Градоначалникот.

Во 2024 година реализираните средства од резервите се во вкупен износ од **391.112,00 денари** и тоа:

*Табела 16: Реализирани расходи од резервите на Град Скопје со состојба 31.12.2024 год.*

| ИЗВЕШТАЈ<br>реализирани расходи од резервите во 2024 година | |
|---|---|
| | |
| **Реализирани средства од тековна резерва, потпрограма А0-Совет на Град Скопје, ставка 413 -Тековна резерва** | |
| Тековни резерви( разновидни расходи) –Ацо Гаврило Дуковски | 50.000 |
| Тековни резерви( разновидни расходи) –Жаклина Терзиева Цветаноска | 50.000 |
| Тековни резерви( разновидни расходи) –Сердар Цвета Цветков | 30.000 |
| Тековни резерви( разновидни расходи) –Игор Душан Стевчески | 40.000 |
| Тековни резерви( разновидни расходи) –Благоја Божидар Стојановски | 50.000 |
| Тековни резерви( разновидни расходи) –Бобан Борче Илиоски | 50.000 |
| Тековни резерви( разновидни расходи) –Борче Кузманов | 12.000 |

| | |
|---|---|
| Тековни резерви( разновидни расходи) –Даниела Михајловска Радоњанин | 50.000 |
| Тековни резерви( разновидни расходи) –Елизабета Бадаровска | 20.000 |
| Тековни резерви( разновидни расходи) – Персонален данок на доход | 39.112 |
| **Вкупно** | **391.112** |

## 6. ИЗВЕШТАЈ НА ОДГОВОРНИОТ СМЕТКОВОДИТЕЛ

Сметководствената евиденција на Град Скопје се води согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и прифатените сметководствени политики и сметководствените стандарди.

Во сметководството се обезбедуваат податоци, поединечно по видови на приходи и други видови на приливи, поединечно по видови на расходи и други одливи, како и за состојбата на средствата, обврските и изворите на средствата.

Согласно Законот за Јавна внатрешна финансиска контрола и управување со квалитетот ИСО 9001:2015 воспоставен е систем на контрола со пишани процедури по сектори. Финансика документација се контролира и одобрува од страна на одговорно лице овластено за превземање на обврски согласно Решение за внатрешна распределба на буџетот и доделени генерални овластувања. Документацијата се доставува до Секторот за финансиски прашања, се контролираат и одобруваат со потпис и се евидентираат во сметководствената евиденција.

Секторот за финансиски прашања доставува Извештај за плаќање со доспеаност на обврските до Градоначалникот на Град Скопје по основ на кој се врши плаќање.

Податоците во финансиските извештаи на Град Скопје за сите сметки, го искажуваат реалното трошење на средствата по програми, потпрограми и поблиски намени, како и остварувањето на сите приходи по сметки и по видови на приходи.